# ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИ БАРА ДА СЕ ПОНИШТИ КОНКУРСОТ ЗА НОВИ ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА МРТ

Share
Tweet



Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара да се повлече одлуката на Програмскиот совет на МРТ за распишување јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на јавниот радиодифузен сервис во услови кога мандатот на членовите на овој совет е истечен.

Во соопштениево на ЗНМ, се вели дека мандатот на Програмскиот совет истече во декември 2019 година и од тие причини сметаат дека е проблематично тие да избираат нови членови на Надзорниот одборот кој треба да врши контрола на материјалното и финансиското работење на јавниот сервис во идните години.

– Освен тоа што мандатот на овој состав на Програмскиот совет е истечен, дел од членовите имаат и конфликт на интерес според законот и ова претставува дополнителен проблем за одлуките на ова тело. Со обидот да се изберат

нови членови на Надзорниот одбор на овој начин, се прекршуваат и препораките на Советот на Европа, конкретно препораката број 96 која се однесува на гарантирање на независноста на јавните сервиси. Во глава три од оваа препорака која се однесува на работата на Надзорните органи, се вели дека членовите потребно е да се изберат од тело предвидено со закон на начин со кој ќе се избегне ризик од политичко или друго влијание, се вели во соопштениево на ЗНМ.

Потсетуваат дека изборот на нови членови на Програмскиот совет е блокиран речиси една година во Комисијата за избори и именувања во Собранието на РСМ. Дополнително од ЗНМ додаваат дека тие во повеќе наврати реагирале дека членовите на оваа Комисија мора да најдат заеднички јазик и да ги изберат новите членови на Советот. Упатија барање до Комисијата, итно да одржи седница и да ги избере најсоодветните кандидати за Програмскиот совет како и за Советот на АВМУ со цел да се овозможи почеток на медиумските реформи во овие две институции.

Администратор 22/01/2020 15:29

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ

**ЗНМ: Непримерни се коментарите на премиерот за документарецот на ИРЛ (/Home/PostDetails?PostId=414110)**



**НСОН: Наместо апели, МОН да превземе конкретни чекори околу исплатата на прекувремените часови (/Home/PostDetails?PostId=414109)**



**Заев се дообјаснува за изјавата за Рашковски: Имам право на свое мислење (/Home/PostDetails?PostId=414106)**



**Николовски денес вели дека заврши времето кога народните пари се трошеа за сé и сешто, пред месец дена го бранеше Рашковски (/Home/PostDetails?PostId=414105)**




**Дрес од фудбалската репрезентација со името напишано на кирилица, доби на подарок Папата Франциск од Пендаровски (/Home/PostDetails?PostId=414090)**



**Пендаровски и Радев заеднички ги чествуваа Св. Кирил и Методиј во Рим (/Home/PostDetails?PostId=414089)**



**Не е проблем во сулфурот, проблем е поголемата количина вода и пепел во сомнителниот мазут, вели Заев (/Home/PostDetails?PostId=414086)**



**Заев оствари телефонски разговор со новиот привремен премиер на Бугарија, Стефан Јанев (/Home/PostDetails?PostId=414083)**



**Радев до Пендаровски: Двете држави треба да работат со уште поголема доверба и дијалог, да ги решат работите заедно (/Home/PostDetails?PostId=414082)**

Makpress.mk
48,430 likes

Like Page Send Message

**Makpress.mk**
on Wednesday

Како што информира ОЈО, обвинетиот 33-годишник, во деловен објект лоциран во семејната куќа во сопственост на неговиот татко во Добридол, организирал и

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk